МЛАДИ, МИР И БЕЗБЕДНОСТ
курс за е-учење

YOUth Inclusion, Equality & Trust

# Што претставува курсот?

Е-курсот **„Млади, мир и безбедност“ (YPS)** претставува онлајн програма за обука изработена во рамките на регионалниот проект **„Млади за инклузија, еднаквост и доверба”,** имплементиран од страна на Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП), Фондот за население на Обединетите нации (УНФПА), UN Women и UNESCO во партнерство со **НАЛАС**. Со курсот се поддржуваат локалните власти и младинските структури во разбирањето и примената на Агендата **„Млади, мир и безбедност“ (YPS)** заедно со главните поврзаности со Агендата **„Жени, мир и безбедност“ (WPS)** со примена на практични пристапи на локално ниво.

Курсот е наменет за **локалното ниво** со оглед на фактот што локалните власти се најблиску до младите и се најдобро позиционирани да одговорат на нивните секојдневни реалности: учество, безбедност, социјална кохезија, пристап до услуги и доверба во институциите. Тој ги преточува глобалните заложби во **применливи локални алатки** – како значајно да се вклучат младите, како да се изгради инклузивно донесување одлуки, како да се спречи поларизацијата и говорот на омраза и како да се зајакнат дијалогот и соработката во различни заедници.

Обуката не е само „за младите“, туку се спроведува **заедно со младите**. Таа е втемелена на работата на **сертифицирани обучувачи** кои ќе делуваат како мултипликатори: споделувајќи знаење низ општините, поддржувајќи локален дијалог и помагајќи им на локалните власти и младинските чинители заеднички да изработат решенија кои ги отсликуваат реалните потреби на терен. Силна регионална мрежа на обучувачи и институции е исто така клучна вредност на курсот имајќи предвид дека размената на искуства и добри практики меѓу земјите е од суштинско значење за зголемување на влијанието.

# Цели на курсот

До крајот на програмата, учесниците ќе бидат во можност да:

- Ги објаснат YPS и WPS рамките и нивната важност за локалното управување;
- Да ги применуваат YPL начелата во локални младински политики, стратегии и акциски планови;
- Да користат практични алатки за инклузивно донесување на одлуки,, градење на доверба и вклученост на младите насочена кон мир;
- Разменуваат регионални практики и да изработуваат последователни дејствија кои ќе може да се одржат и по завршувањето на овој курс.

# За кого е наменет курсот?

Курсот е наменет за:

- младински службеници и релевантен кадар во локалните управи,
- членови на локалните младински совети и консултативните тела,
- младински граѓански организации и младински лидери кои соработуваат со локалните власти,
- избрани локални претставници вклучени во младинските и социјалните политики,
- останати локални чинители вклучени во областа на учеството и социјалната кохезија.

# Структура на курсот: Четири модули

## Модул 1: Разбирање на агендите „Млади, мир и безбедност“ (YPS) и „Жени, мир и безбедност“ (WPS)

Со овој модул се поставуваат темелите. Учесниците се запознаваат со агендите „Млади, мир и безбедност“ (YPS) и „Жени, мир и безбедност“ (WPS), осознаваат зошто овие агенди се важни за стабилноста и развојот и како се поврзани со младинското учество, правата и инклузијата. Модулот ги појаснува клучните поими, начелата и логиката на поврзување на градењето мир со секојдневното управување — особено на општинско ниво. Воедно, се воведува практичната улога на локалните власти: градењето доверба, спречувањето на исклучување, градењето безбеден простор за дијалог и овозможување на младите да влијаат врз донесувањето одлуки.

**Опфатени теми**

- основни поими и цел на агендите YPS и WPS
- улоги и одговорности на локално ниво
- зошто учеството, инклузијата и правата се алатки за градење мир
- како младинското ангажирање придонесува за социјална кохезија

---

## Модул 2: Локализација на Агендата „Млади, мир и безбедност“ (YPS) — Од глобални начела до локална практика

Овој модул се сосредоточува на **локализацијата:** приспособување на агендата кон локалните реалности, наместо примена на унифициран модел „едно решение за сите“. Учесниците разгледуваат како начелата на YPS може да се интегрираат во **локалните младински стратегии,** локалните програми и консултативните механизми и како тоа се усогласува со националните рамки и институционалните поставености. Во модулот, исто така се разгледуваат вообичаените предизвици при спроведувањето (јазови во капацитетите, политички бариери, ограничена доверба на младите) и се нудат практични начини за нивно надминување по пат на локално планирање и партнерства.

**Опфатени теми**

- што значи „локализација“ во практика
- поврзување на приоритетите на YPS со надлежностите на локалните власти и младинските политики
- усогласување на локалната практика со локалните стратегии и институционалните рамки
- идентификување на пречките и условите кои се поволни за спроведување

---

## Модул 3: Алатки за инклузивно управување и градење мир

Ова е најпрактичниот модул. Се воведуваат конкретни алатки коишто локалните власти и младинските структури можат да ги користат за зајакнување на значајното учество и спречување на тензии. Учесниците ги истражуваат партиципативните механизми (младински совети, консултативни форуми, процеси на ко-дизајнирање), комуникациски пристапи кои се спротивставуваат на говорот на омраза и поларизирачките наративи, како и методи за дејствување чувствително на конфликт („Не нанесувај штета“). Во модулот, исто така, се истакнува **децентрализираната соработка и побратимувањето на градови** како практични начини за градење доверба меѓу заедниците и преку границите по пат на младинско ангажирање.

**Опфатени теми**

- партиципативни алатки: младински совети, форуми, консултации, ко-креирање
- пристапи чувствителни на конфликт и начелото „Не нанесувај штета“
- градење доверба и конструктивни наративи
- побратимување на градови и децентрализирана соработка за дијалог и кохезија

---

## Модул 4: Од обука до акција— Институционализација и следење

Овој завршен модул се однесува на тоа како агендите YPS/WPS **да прераснат во трајна практика.** Учесниците учат како да преминат од знаење стекнато преку обуката кон институционални промени: внесување на механизмите за младинско учество во процедурите, работните планови и рутините на локалното управување. Со модулот се поддржува планирањето на последователни активности, изработката на едноставни локални акциски планови и дефинирањето на остварливи показатели за следење на напредокот. Воедно, се опфаќа и начинот на споделување на резултатите, документирање на добрите практики и поттикнување на други општини да ги реплицираат успешните модели.

**Опфатени теми**

- институционализација: преточување на младинското учество во трајна практика
- последователно планирање: локални акциски чекори и партнерства
- следење и учење: основни показатели, докази и повратни механизми
- споделување на резултатите и проширување на добрите практики низ регионот

# МЕТОДИ НА УЧЕЊЕ

Формат и времетраење:

- Платформа: е-Академија НАЛАС (Moodle)
- Структура: 4 модули / 4 недели
- Временска ангажираност: приближно 90 минути неделно (по група) плус учење со сопствено темпо
- Фасилитација: модерирана од страна на сертифицирани обучувачи за YPS

Методи на учење: кратки воведни излагања, насочена дискусија, локални студии на случај, интерактивни задачи, квизови и прашања за размислување. Секоја сесија претставува комбинација на експертски излагања, модерирана дискусија, примери на добри локални практики и интерактивни задачи (како квизови и прашања за размислување), со особен осврт на практичната примена во реални локални контексти.

# ЈАЗИК И ПРИСТАПНОСТ

Курсот ќе биде достапен на македонски, албански и СБЦ (српски/босански/црногорски) јазик. Сите материјали ќе бидат прилагодени со цел да бидат јасни, пристапни и лесни за користење за различни профили на учесници од општините и младинските структури.

# СЛЕДЕЊЕ И ПОВРАТНИ ИНФОРМАЦИИ

Учесниците ќе пополнуваат самооценки пред и по обуката, додека пак НАЛАС и обучувачите ќе собираат континуирани повратни информации со цел унапредување на курсот помеѓу пролетните и есенските групи во 2026 година.

# ОВОЈ КУРС Е ДЕЛ ОД Е-АКАДЕМИЈАТА НА НАЛАС

е-Академијата на НАЛАС е онлајн платформа која овозможува дисеминација на релевантно регионално знаење до секој вработен на локално ниво ширум Југоисточна Европа, притоа нудејќи интересни и креативни можности за постепено учење. Таа нуди висококвалитетно знаење за професионалците во локалната власт во области коишто се директно поврзани со нивното секојдневно работење. Со примена на нови технологии, е-Академијата на НАЛАС обезбедува искуствено учење кое е пристапно, иновативно и силно ориентирано кон практиката.

# Модератор



**Зоран ИЛИЕСКИ** е извршен директор на Коалицијата на младински организации СЕГА. Со повеќе од петнаесет години искуство во младинските политики, учеството на младите и децентрализираната соработка, тој има придонес во изготвувањето на Законот за учество на младите и младински политики во Република Северна Македонија како и обезбедено експертски услуги за Европската Унија, Советот на Европа, УНДП, НАЛАС и ОБСЕ. Неговата работа ги унапредува агендите за Млади, мир и безбедност  и Жени, мир и безбедност на локално ниво низ целиот Западен Балкан. Тој е докторски кандидат на Универзитетот „Св. Климент Охридски" – Битола.